PRESS RELEASE

PR22/345

# ММФ постигна договор на ниво на тим со Република Северна Македонија во рамки на Линијата за претпазливост и ликвидност

**да се објави веднаш**

Соопштенијата за медиуми на крајот на мисијата вклучуваат изјави на тимови од ММФ кои ги пренесуваат прелиминарните наоди по посетата на една земја. Ставовите изразени во оваа изјава се ставови на тимот на ММФ и тие не секогаш ги претставуваат ставовите на Извршниот одбор на ММФ. Врз основа на првичните наоди на оваа мисија, тимот на ММФ ќе изготви извештај кој, откако ќе биде одобрен од раководството, ќе биде презентиран на Извршниот одбор на ММФ за дискусија и одлучување.

- Тимот на ММФ и властите на Република Северна Македонија постигнаа договор на ниво на тим за аранжман во рамки на Линијата за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line (PLL)) во вредност од 530 милиони евра со времетраење од 24 месеци.
- PLL аранжманот ќе ги поддржи политиките на државните власти за адресирање на економските последици од последователните глобални шокови предизвикани од пандемијата со Ковид-19 и од инвазијата на Русија врз Украина.
- Линијата за претпазливост и ликвидност (PLL) - достапна за земјите членки со добри економски фундаменти, рамки на политиките и политики – може да помогне во заштитата на економиите од надворешните шокови. PLL аранжманот е предмет на одобрување од страна на раководството и Извршниот одбор на ММФ.

**Вашингтон, 10 октомври 2022 година:** Тим од Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), предводен од г-ѓа. Берглѕот Баркбу, имаше состаноци со властите на Република Северна Македонија на кои се дискутираа политиките во рамки на Линијата за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line (PLL)). Извршниот одбор на ММФ претходно се состана на 15 април каде неформално се дисксутираше за добиеното барање од властите во врска со PLL [1].

Г-ѓа. Баркбу ја даде следнава изјава по завршувањето на состаноците:

„Тимот на ММФ и властите на Северна Македонија постигнаа договор на ниво на тим за политиките во рамки на PLL аранжманот во вредност од 406,87 милиони SDR (околу 530 милиони евра) со времетраење од 24 месеци. Овој договор е предмет на одобрување на раководството и Извршниот одбор на ММФ. По одобрување од Одборот, Северна Македонија ќе има пристап до 84,18 милиони SDR (околу 110 милиони евра).

---

[1] Види: Извршниот одбор на ММФ доби барање за аранжман согласно линијата за претпазливост и ликвидност со Северна Македонија.

„Економијата на Северна Македонија беше погодена од два големи глобални шокови. Додека сѐ уште се опоравуваше од пандемијата, изгледите се влошија по инвазијата на Русија врз Украина и наглото зголемување на цените на енергенсите и храната. Истовремено, глобалните финансиски услови се затегнати.

„PLL аранжманот ќе ги подржи политиките на властите и ќе помогне во надополнување на макроекономските бафери. Со цел адресирање на шоковите, властите ги реприоритизираат трошењата и постепено ја затегнуваат монетарната политика. Аранжманот ќе помогне во зајакнуваањето на девизните резерви, а исто така може да послужи и како катализатор за добивање на друго надворешно финансирање.

„Фискалната политика во рамките на PLL аранжманот ќе го подржи економскиот раст, ќе ги заштити најзасегнатите од зголемувањето на трошоците за живот и ќе ги штити јавните финансии. Собранието во месец јули усвои ребаланс на Буџетот за 2022 година со фискален дефицит од 5,3 проценти од БДП, и Владата е посветена на намалување на дефицитот на 4,6 проценти од БДП во 2023 година. На среден рок, властите ќе преземат фискални мерки за постепено намалување на дефицитот и градење на бафери, притоа интензивирајќи ги јавните инвестиции, предмет на важни заштитни мерки против фискалните ризици. Новодонесениот Закон за буџети ги утврдува фискалните правила, кои ќе ја водат фискалната консолидација, и го подобруваат буџетскиот процес.

„На 1 јули 2022 година беа воведени зголемени блок тарифи за електрична енергија. Со ова ќе се обезбеди секое домаќинство да може да си дозволи основни количества на електрична енергија, истовремено намалувајќи ги фискалните субвенции за големите корисници и стимулирајќи енергетска ефикасност. Властите ќе подготват и спроведат акциски план за постепено елиминирање на субвенциите за електрична енергија и дополнително подобрување на енергетската ефикасност, истовремено заштитувајќи ги ранливите домаќинства.

„Високата инфлација во најголем дел е одраз на глобалните фактори, но исто така инфлаторните очекувања се зголемени и растот на номиналната плата е висок. Поради тоа, Народната банка на Република Северна Македонија (НБРСМ) започна со нормализирање на монетарната политика. Почнувајќи од крајот на 2021 година таа интервенираше на девизниот пазар преку апсорбирање на денарската ликвидност. Дополнително, почнувајќи од месец април ја зголеми основната каматна стапка за 1,75 процентни поени на кумулативна основа. Народната банка треба да продолжи со затегнување на монетарната политика и да биде подготвена да делува согласно потребното за адресирање на евентуална голема и поистрајна инфлациска разлика со еврозоната или значителни притисоци врз девизните резерви. Тимот на ММФ очекува инфлацијата во Северна Македонија да остане во линија со инфлацијата во еврозоната на среден рок.

„Банкарскиот систем останува добро капитализиран и ликвиден. НБРСМ одблизу ги следи ризиците во банкарскиот систем и ќе ги преземе сите потребни активности за намалување на овие ризици. Законот за финансиска стабилност донесен во месец јули ќе ја зајакне координацијата во макропрудентната политика и надзорот, а во постапка се и други законски решенија за подобрување на финансиската безбедносна мрежа.

„Тимот на ММФ би сакал да им изрази благодарност на соработниците за отворените и конструктивни дискусии и соработката кои доведоа до денешниов успешен заклучок“.